Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа (,,Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11) и член 31 од Законот за основно образование (,,Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14 и 116/14), министерот за образование и наука ја утврди Наставната програма по **виолончело** за седмо одделение на деветгодишното основно музичко и балетско образование.

НАСТАВНА ПРОГРАМА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

# ВИОЛОНЧЕЛО

ОСНОВНО МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ

Скопје, 2014

ДЕВЕТГОДИШНО ОСНОВНО МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ

## 1. ВОВЕД

Во деветгодишното основно музичко училиште на инструментот виолончело можат да се запишат ученици кои наполниле седум години.

Целта на наставата по виолончело е на учениците да им се развие љубов кон инструментот и музиката, да се оспособат за изразно солистичко, камерно и оркестарско музицирање, естетско и емоционално вреднување на музичките дела поткрепени со музички знаења во однос на нивната содржина и форма. Наставната програма по инструментот виолончело има за цел ученикот/ученичката музички и технички да се оспособи за понатамошно школување во средните и високите музички школи и да се изгради во добар сестран уметник.

- Фонд на часови: 2 часа неделно, 72 часа годишно.
- **Статус на предметот: задолжителен.**

## 2. ЦЕЛИ ЗА РАЗВОЈНИОТ ПЕРИОД ОД VII ДО IX ОДДЕЛЕНИЕ

Ученикот/ученичката:

- да ги надградува стекнатите и да стекнува нови знаења за правилна стилска интерпретација на музиката;
- да се потикне и развива емотивноста при свирењето;
- да научи да ја познава формата на делото со цел полесно да го интерпретира истото;
- да ги надгради своите познавања за инструментот и неговите карактеристики и изразни можности;
- да се надгради осетот за ритам и фраза како и изведбата на нотен текст со посложена ритмичко-мелодиска и хармонска структура од таа во предходниот развоен период;
- да се развива осетот за солистичко, камерно и оркестарско музицирање;
- да развива љубов и интерес за изразување и доживување на музичкиот фоклор;
- да го надградува и развива музичкиот вкус и критичкото мислење;
- да формира навика и потреба за посета на симфониски концерти, оперско-балетски претстави и други музички случувања;
- да стекнува работна култура и навика;
- да стекнува сознанија за музичката култура на своето опкружување;
- да ја развива креативноста;
- да биде информиран за истакнатите музички уметници и творци во земјата и странство и нивното уметничко делување;

## 3. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ВО VII ОДДЕЛЕНИЕ

Ученикот/ученичката:

- да ја препознава формата на делото;
- да ја развие способноста да ги изведува скалите и композициите во побрзо темпо;
- да развива способност за следење интонација и музицирање со друг инструмент;
- да ги развие позитивните ставови кон работата и да изгради позитивни особини (дисциплинираност,одговорност итн.);
- да ја развива навиката за аналитички приод кон техничко-уметничкото интерпретирање на музичките дела;
- да ги надгради своите знаења за свирење скали со точни премини како во левата така и во десната рака;
- да ги надгради познавањата и техничките особености на техниката на свирење-десна и лева рака;
- да се здобие со искуство за свирење на нотен текст со посложена ритмичко-мелодиска и хармонска структура;
- да ги надградува досегашните и да стекнува нови знаења за правилна стилска интерпретација на музиката;
- да го развива музичкиот вкус и критичкото мислење;
- да се оспособува за негување на култивиран, пријатен тон и чиста интонација;
- да развива работна култура и навика;
- да ја развие музичката меморија и вниманието;
- да стекне поголема самодоверба во изведувањето на музичкиот текст;
- да го почитува и надградува сопственото музичко изразување и да го почитува туѓото музичкото изразување;
- да ја запознае и осознае музичката култура на своето опкружување;
- да ги разбира и прифаќа правилата на однесувањето во индивидуалните и во колективните музички активности;
- да формира навика за посета на симфониски концерти, оперско-балетски претстави и други музички случувања;
- да се стекне навика за читање, вежбање и свирење на композиции со поголеми технико-музички побарувања.

**Лева рака:**

- да ги прошири стекнатите знаење во палчева позиција;
- да се оспособи за вежбање на скали само во палчева позиција;
- да го усоврши свирењето во сите позиции (вклучувајќи ја и палчева позиција);
- да се добие со тежина во прстите, а притоа да се слободни (примена на технички вежби за лева рака);
- да ја применува правилната употреба на трилерите;
- да го усоврши свирењето на флажолети;
- да го усоврши вибратото (различни стилови-типови вибрато);
- да ги применува активно двојните ноти, синкопи итн.

**Десна рака:**

- да ги усоврши со посложени штрихови како што се стакато, сотие, спикато; (тука се две цели стави само една)
- да ги применува основните штрихови: деташе, легато, мартеле;
- да ги демонстрира вежби за еднаков звук на целото гудало (жабица, средина и врв);
- да ги применува вежбите кои ке помогнат за контрола т.е штедење на гудалото при свирење;
- да разбере за соодносот помеѓу точката на контакт на гудало со жица и влијанието врз динамиката;
- да стекне поголема издржливост при свирење на подолг материјал;
- да дискутира за стилот на свирење на одредени композиции преку динамика,темпо и фразирање;
- да го контрола гудалото при извлекување и враќање со брзо движење и полн звук;
- да го контрола гудалото при извлекување и враќање со бавно движење и полн звук;
- да ја усовршува техниката на подготовка за премин од жица на жица;
- да свири и го контролира гудалото по сите жици.

## 4. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| Тема: МЕЛОДИКА И ТЕХНИКА | | | |
|---|---|---|---|
| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
| Ученикот/ученичката:<br>- да демонстрира правилно седење и правилна поставеност на телото во однос на инструментот; | -Правилно седење | | - Внимавање на правилното балансирање на телото (без напрегнување и навалување кон напред и без потпирање со рацете да може бавно да стане и седне на столчето), седење на предниот дел од столчето. |
| - да применува правилно држење на десната рака и држење на гудалото; | -Правилно држење на десната рака и држење на гудалото | - Десна рака<br>- Гудало | - Објаснување  на ученикот дека правилната поставеност на телото и рацете во однос на инструментот е една од најбитните работи на кои што треба да внимава како на часот под супервизија на наставникот, така и во домашното вежбање. |
| - да применува премини од жица на жица со десната рака и активно да ја користи истата; | -Премина од жица на жица со десната рака и активно ја користи истата; | - Активна подготовка на лактот на десната рака при нагорни и надолни премини | - Активно владееље, надградување и применување на техниката за преминини од жица на жица со десната рака. |
| - да применува свирење на празни жици; | -Свири на празни жици; | | -Задавање на одредени вежби со одредено време за вежбање со цел да се добие убав,полн звук на целото гудало.<br>-Задавање на технички вежби и етиди кои содржат повеќе ноти на исто гудало. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| -да поседува контрола над гудалото т.е да знае да го штеди при изведба на повеќе ноти на гудало; | -Свирење на гудало – контрола при свирењето | | - Бавно влечење на гудало по празни жици. |
| - да применува влечење на гудалото по сите жици во цели ноти, половини, четвртини, осмини и шеснаестини ноти; | -Влечење на гудалото по сите жици | - Цели ноти (една нота на гудало)<br>- Половини ноти (две ноти на гудало)<br>- Четвртини ноти (четири ноти на гудало)<br>- Осмини ноти (осум ноти на гудало)<br>-Шеснаестини ноти(шеснаесет ноти на гудало) | - Брзо влечење на гудало по празни жици. |
| - да применува брзо и со полн звук извлекување и враќање на гудалото по жиците;<br><br>-да се запознае со техниката на свирење динамика со одреден дел од гудалото и каде (поблиску до гриф или кобилица); | - Извлекување и враќање на гудалото по жиците (брзо и со полн звук);<br><br>-Свирење динамика со одреден дел од гудалото и каде (поблиску до гриф или кобилица); | - Брзо извлекување, брзо затворање (враќање)<br><br>-Динамика на гудало | -Да се зададат вежби во кои динамиката ќе се изведува само преку гудалото(ако треба да свири p-пијано, гудалото е поблиску до грифот, ако треба f-форте, поблиску до кобилицата итн.). |
| - да ги применува основните штриховите: деташе, легато, мартеле; | -Основни штрихови: деташе, легато, мартеле; | - Деташе<br>- Легато<br>- Мартеле | - Етиди и технички вежби по избор на наставникот кои што ќе помогнат при совладување на проблематиката на штриховите. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - да се запознае со нови како што е сотие, спикато, стакато<br><br>- да применува правилно поставена лева рака;<br><br>- да применува поставување на прстите на жиците при што нема да стиска со истите, особено со палецот;<br><br>- да применува лесно движење и артикулација на прстите од левата рака;<br><br>- да користи вежби за секој прст одделно;<br><br>- да се усоврши свирењето до седма позиција како и функционирањето на левата рака при преминот и во новата позиција;<br><br>- да се утврдат останатите позиции помеѓу прва и седма позиција; | - Сотие, спикато, стакато<br><br>- Правилно поставена лева рака<br><br>-Поставување на прстите на жиците при што нема да стиска со истите, особено со палецот<br><br>-Лесно движење и артикулација на прстите од левата рака<br>- Вежби за секој прст одделно<br><br>- Цвирењето до седма позиција како и функционирањето на левата рака при преминот и во новата позиција<br><br>- Позиции помеѓу прва и седма позиција | - Сотие<br>- Спикато<br>- Сакато<br><br>- Прсти<br><br>- Артикулација<br><br>- Седма позиција<br><br>- Премин помеѓу позиции<br><br>- Агол на поставеност на рака и прсти<br><br>- Прва, втора, треата, четврта,петта,шестта и седма позиција | - Етиди и технички вежби по избор на наставникот кои што ќе помогнат при совладување на проблематиката на комбинирано поставување на прстите.<br><br>- Внимавање на аголот на прстите во четвртата позиција, како и на преминот од прва во четврта. Раката да не се потпира на корпусот при свирење во новата позиција.<br><br>- Етиди по избор на наставникот кои што ќе помогнат при совладување на проблематиката на премините од позиција во позиција. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - да се утврдат познавањата за палчева позиција;<br><br>-да се надгради познавањето за свирење на двојни ноти и синкопи;<br><br>-да се запознае со флажолети и нивна употреба;<br><br>-да гиупотреба правилна трилерите;<br><br>- да демонстрира свирење на вибрато;<br><br>- да се запознае со разликите во вибратото кај различните епохи ;<br><br>-да демонстрира свирење скали во три и четири октави во цели, половини, четвртини осмини и шеснаестини ноти;<br><br>- да демонстрира свирење разложени трозвуци и четворозвук; | -Познавање за палчева позиција<br><br>-Свирење на двојни ноти и синкопи<br><br>- Флажолети и нивна употреба<br><br>-Свирење на трилери<br><br>-Разликите во вибратото кај различните епохи<br><br>-Свирење скали во три и четири октави во цели, половини, четвртини осмини и шеснаестини ноти<br><br>- Разложени трозвуци и четворозвук | - Палчева позиција<br><br>-Терци, сексти,октави<br><br>-Синкопа<br><br>-Флажолет<br><br>- Трилер<br><br>- Вибрато<br><br>- Трозвук, четворозвук | - Свирење на скали до четири октави), технички вежби и етиди во палчева позиција како и етиди во кои има примена на флажолети, синопи и трилери.<br><br>- Правилно вежбање и користење на вибрато. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| -да применува елементи на правилна интерпретација (мелодиско-ритмичка) при свирење на материјалот;<br><br>- да ги доживува и сфаќа содржината и карактерот на композицијата;<br><br>- да се развива внатрешениот музички слух;<br><br>- да го надгради познавањето на различни музички епохи;<br><br>- да применува заедничко свирење; | - Познавањето на различни музички епохи<br><br>- Камерно музицирање, свирење заедно со наставник или пијано | -Музички епохи<br><br>- Камерно музицирање | - Да се внимава на премините во лева и десна рака при изведбата.<br><br>- Свирење на концерти, сонати и пиеси од различни епохи (класицизам, романтизам итн.).<br><br>- Изведба на дела од различни епохи. |

## 5. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

- Со оглед на возраста на учениците, часот по виолончело треба да вклучува различни видови на музички активности.
- Се препорачува слушање музика во изведба на наставникот (примери од класична музика, композиции за деца од типот на ,,Детски албуми", музика од други стилови и жанрови), како и снимена музика, за полесно воочување на нејзиниот карактер и изразните средства, како и за доживување и совладување на наставните содржини (метроритамот, мелодиски модели).
- Особено се препорачуваат музичко-ритмичките движења за доживување на римичките карактеристики на музиката.
- Учениците треба да навикнуваат на свирење по ноти со почитување на сите ознаки (темпо, динамика), со израз и правилно фразирање, со тактирање при свирењето.
- Се препорачува активно учество на концертите организирани од страна на училиштето.
- За пoсликовито претставување на висината на тоновите и нивното попрецизно интонирање да се применува фономимијата.
- Освен активното учество на концертите, редовно, низ целата учебна година треба да се одвива и слушањето на разновидна музика на часовите и да се потикнуваат учениците на активно слушање на истата.
- Се препорачува активно учество на државни и меѓународни натпревари, како и посета на семинари и работилници.

### ➢ Наставни средства:

- музички инструмент – виолончело;
- книги (школи) по соодветен избор на наставникот (Мардеровски, Доцауер I, II и III книга, Мац- положби и премини, Попер-етиди, Давидов, Космај-вежби за прсти) и друго;
- зборници со кратки песнички (мелодии) или пиеси, по соодветен избор на наставникот (со понапрени техничко-музички побарувања);
- аудио-визуелни средства (ТВ, ДВД- плеер, видеоплеер, компјутер);
- дидактички средства и материјали;
- Интернет, образовни софтвери.

## 6. ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ

Ученикот/ученичката:

- ја препознава формата на делото;
- развил способност да изведува скали и композиции во побрзо темпо;
- развива способност за следење интонација и музицирање со друг инструмент;
- развива позитивни ставови кон работата и гради позитивни особини (дисциплинираност,одговорност итн.);
- развива навики за аналитички приод кон техничко-уметничкото интерпретирање на музичките дела;
- надградува свои знаења за свирење скали со точни премини како во левата така и во десната рака;
- надградува познавањата и техничките особености на техниката на свирење-десна и лева рака;
- се здобил со искуство за свирење на нотен текст со посложена ритмичко-мелодиска и хармонска структура;
- надградува досегашните и стекнал нови знаења за правилна стилска интерпретација на музиката;
- развива музичкиот вкус и критичкото мислење;
- оспособен за негување на култивиран, пријатен тон и чиста интонација;
- развива работна култура и навика;
- развил музичката меморија и вниманието;
- стекнал поголема самодоверба во изведувањето на музичкиот текст;
- почитува и надградува сопственото музичко изразување и го почитува туѓото музичкото изразување;
- запознал музичката култура на своето опкружување;
- разбира и прифаќа правилата на однесувањето во индивидуалните и во колективните музички активности;
- формира навика за посета на симфониски концерти, оперско-балетски претстави и други музички случувања;
- стекнал навика за читање, вежбање и свирење на композиции со поголеми технико-музички побарувања.

**Лева рака:**

- ги прошири стекнатите знаење во палчева позиција;
- се оспособи за вежбање на скали само во палчева позиција;
- го усоврши свирењето во сите позиции (вклучувајќи ја и палчева позиција);
- се добие со тежина во прстите, а притоа да се слободни (примена на технички вежби за лева рака);
- ја применува правилната употреба на трилерите;
- го усоврши свирењето на флажолети;
- го усоврши вибратото (различни стилови-типови вибрато);
- ги применува активно двојните ноти, синкопи итн.

**Десна рака:**

- ги усовршил посложени штрихови како што се стакато, сотие, спикато; (тука се две цели стави само една)
- ги применува основните штрихови: деташе, легато, мартеле;
- ги демонстрира вежби за еднаков звук на целото гудало (жабица, средина и врв);
- ги применува вежбите кои ке помогнат за контрола т.е штедење на гудалото при свирење;
- разбира за соодносот помеѓу точката на контакт на гудало со жица и влијанието врз динамиката;
- стекнал поголема издржливост при свирење на подолг материјал;
- дискутира за стилот на свирење на одредени композиции преку динамика,темпо и фразирање;
- го контрола гудалото при извлекување и враќање со брзо движење и полн звук;
- го контрола гудалото при извлекување и враќање со бавно движење и полн звук;
- ја усовршува техниката на подготовка за премин од жица на жица;
- свири и го контролира гудалото по сите жици.

## 7. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Во текот на наставата редовно се следат и вреднуваат постигањата на учениците, се прибираат показатели за нивните активности, мотивираноста за музичкото изразување, ангажираноста на учениците, посветеноста во работата, како и тимската работа (формативно оценување).

При следењето на постигањата на учениците, наставникот треба особено да внимава кон индивидуалниот пристап во постигањата на секое поединечно дете.

Во текот на наставата редовно се следи развојот на секој ученик. На крајот од годината се организира јавен час отворен за присуство на родителите соучениците и други наставници пред кој учениците би имале можност да ги претставаат своите постигања и активностите застапени во текот на учебната година.

Оценувањето е бројчано (со оценки од 1 до 5).
На крајот на учебната година ученикот полага испит со следната

**ИСПИТНА ПРОГРАМА:**

- **една истоимена дурска/молска скали во четири октави со трозвуци и четиризвук и терци;**
- **две кратки етиди со различен карактер (една со технички и една со мелодиски карактер);**
- **еден став од концерт или цела соната, по избор на наставникот и соодветна за ученикот;**
- **пиеса по слободен избор.**

## 8. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Програмата во однос на просторните услови за реализацијата се темели на Нормативот за простор за VII, VIII, IX одделение и за наставните средства за VII одделение донесен од страна на министерот за образование и наука.

## 9. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Воспитно-образовната работа може да ја изведува лице кое завршило:
- факултет за музичка уметност – инструмент виолончело.

**Потпис и датум на утврдување на наставната програма**

Наставната програма по **виолончело** за седмо одделение на деветгодишното основно музичко и балетско образование, на предлог на Бирото за развој на образованието ја утврди:

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр. 11-14643/1 од 15.09.2014 година
Скопје

Министер

__________________

Абдилаќим Адеми

Изготвил: работна група, координатор м-р Анкица Витанова
Контролирал: Трајче Ѓорѓијевски, раководител на одделение
Одобрил: м-р Митко Чешларов, раководител на сектор